Dvaeset godini veḱe Racinovite "BELI MUGRI" vo natprevar so efemernosta sekojdnevno ja potvrduvaat svojata visoka umetnička vrednost zazemajḱi istaknato mesto vo regionite na novata jugoslovenska poezija, toj čuden svet od poetski košmari, morničavi naslutuvanja, svedoštva i nespokjni baranja na avtentični, poetski osmisleni vizii na ova naše vreme što izleguva od svoite dovčerašni tekovi. Dvaeset godini veḱe ovoj poetski rakopis patuva od generacija do generacija i so nesmaleno poetsko dejstvo dopira do najvozvišenite i najhumani ideali na sovremeniot čovek, do ona što e smisla i suština na bitieto negovo. Zar ima pogolemo priznanie za poetot ako po dve decenii na burni potresi, prelomi i promeni može da se kaže oti negoviot stih ne potemnel od vremeto i ne potonal vo vitelot na tie promeni, a negovata poetska poraka isto tolku vozbuduva i denes kako i togaš koga prv pat bila javno soopštena? Toa e Kočo Racin.

Vo negovata ličnost poetot e slean so čovekot, čovekot so borecot. Mladiot rabotnik pod temnite svodovi na grnčarskata rabotilnica go sonuva "silno-svetnatiot den" nad svojata tatkovina nad celiot svet:

"Ako kuḱa ne napraviv
so visoki šimšir porti,
kuḱa cel svet bratskim mi e
bratski srce što otvora,
srce- porta najvisoka,
srce - kuḱa najširoka.

No Racin ne i se pridružuva na Revolucijata samo so svojot stih. Toj e borec so srce i um, takov stapuva vo revolucijata i ja doživuva kako svoja sudbina. Toj ja čuvstvuva, toj e svesen za silata na poetskiot zbor, no istovremeno suptilniot revolucioneren

uset go isfrla na široka praktična agitaciono-propagandna revolucionerna dejnost. Taka poetot na "Tutunoberačite", na "Elegii", na "Lenka" stanuva ne pomal borec za pravata i svetlinite čovekovi. Vo ilegalnata publikacija "Iskra" Racin e eden od najznačajnite inspiratori na osnovnata linija i duhot na ovoj partiski organ. Otkrien vo ovaa dejnost i nečovečki mačen od policijata Racin ne samo što gi odbiva site obvinuvanja tuku i vo pismoto napišano so sopstvena krv od zatvorot gi izvestuva svoite drugari kako da go sočuvaat ilegalniot materijal. Po toa doaǵa robijata, koja i za nego, kakomo za mnogumina drugi stanuva učilište na revolucionernata marksistička nauka, za da ja prečeka fašističkata invazija kako vistinski proleter i da go dade svojot život za onaa od nego i od siot narod tolku mečtaena zora.

Vo Racinovoto tvoreštvo, sogledano od aspektot na denešnite literaturni nastani i branuvanja, možat da se najdat odgovori na mnogu aktuelni literaturni problemi. Negovoto tvoreštvo ne samo što e izraz na onie opštestveno-istoriski uslovi vo koi se sozdava, tuku toa vo literarna smisla najpozitivno se nadovrzuva na našata umetnička poezija od XIX vek i gi prodolžuva nejzinite osnovni i bitni tekovi. Nosejḱi gi boite na ona podnebje vo koe iniknuva, mirisite na onaa zemja što go rodila, specifičnosta na nejzinata opštestvena i istoriska problematika opfatena so eden cerebralen poetski pogled, doživeana so edno bogato poetsko srce, Racinovoto tvoreštvo kako takvo vleguva organski vo sovremenata jugoslovenska poezija i pretstavuva nejzin nerazdelen del. Zatoa Racin e interesen, avtentičen, originalen, sovremen, i lako sakate moderen poet.

Ovaa literaturna večer, na koja nastapuvaat členovite na Društvoto na pisatelite na Makedonija so svoi tekstovi za Racina, ušte ednaš neka oživee vo nas svetliot lik na ovoj naš golem poet i borec.